РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 09-267/1
23. 1. 2025 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

Бирото за развој на образованието во рамки на своите надлежности и планираните активности во Програмата за заштита на потрошувачите за 2025 година, изработена согласно член 170 и член 171 од Законот за заштита на потрошувачите („Службен весник на РСМ“ бр. 236/22) по повод **15 март** Светскиот ден на правата на потрошувачите и под мотото за 2025 година „**Праведна транзиција кон одржлив начин на живеење**“ објавува

# ЛИКОВЕН КОНКУРС
## за децата од детските градинки и за учениците од основните и средните училишта

Цел на ликовниот конкурс е децата и учениците на креативен начин да го изразат своето критичко размислување по однос на одржливата потрошувачка, односно за итната потреба од суштински промени во начинот на кој се храниме, како патуваме, како ги загреваме и ладиме нашите домови, какви производи и услуги купуваме и користиме. Праведната транзиција не е на сметка на основните права и потреби на луѓето, туку е можност за напредок, обезбедувајќи одржлив начин на живеење за луѓето, но и за планетата.

Ликовниот конкурс се организира во 4 (четири) категории:

1. Тема: „ИГРАЧКА НЕ ФРЛАЈ, СО ЉУБОВ ДОНИРАЈ“

Право на учество имаат сите деца корисници на услугите на јавна установа детска градинка, на возраст од **4-6 години.**

2. Тема: „НУЛА ОТПАД ОД ХРАНА – ПОДОБАР И ПОЗДРАВ ЖИВОТ“

Право на учество имаат сите ученици во основното образование (одделенска настава) – **од I (прво) до V (петто) одделение**.

3. Тема: „ОБЛЕКУВАЈ СЕ ПАМЕТНО – ОДРЖЛИВА МОДА“

Право на учество имаат сите ученици во основното образование (предметна настава) – **од VI (шесто) до IX (деветто) одделение**.

4. Тема: „ОДРЖЛИВ ТРАНСПОРТ – РЕШЕНИЕ ЗА ЗЕЛЕНА ИДНИНА“

Право на учество имаат сите ученици во средното образование – **од I (прва) до IV (четврта) година**.

НАЧИН И РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:

- Ликовната творба треба да е самостојно и оригинално дело на ученикот.
- Еден ученик може да испрати **само една** индивидуална ликовна творба.
- Ликовната творба треба да биде изработена во дводимензионален формат и во ликовни техники и нивни комбинации соодветни на возраста на децата/учениците (техниката фломастер нема да се земе предвид).
- Творбата треба да биде потпишана само на задната страна.
- Секоја творба треба да биде скенирана во еден од форматите JPG, TIFF (**PDF формати и фотографии на творбите нема да се земат предвид**).
- Фајлот со ликовната форма треба да биде нумериран.
- Податоците за ликовните творби да се внесат во табела (заради преземање на точни податоци електронски пополнета и испратена во Word – име на авторот/детето/ученикот; возраст/одделение/година; наслов на творбата; користена техника; име на воспитувачот/наставникот ментор; контакт на воспитувачот/наставникот ментор).
- Фајловите со ликовни творби да се ставаат во фолдер со назив на установата која го испраќа.
- Фолдерот, претходно зипуван, по пат на електронска пошта (поради големината на содржината по WETRANSFER, SENDSPACE и сл.) вашата установа треба да го испрати на имејл адресата **info@bro.gov.mk**, со назнака: **За ликовен конкурс**.
- Максималниот број на ликовни творби е **3 (три)** од секоја установа.
- Рок на доставување на ликовните творби е најдоцна до **21 февруари (петок)**.
- Нема да се замат предвид ликовните творби коишто не ги исполнуваат и следат горенаведените пропозиции, како и доставените по наведениот краен рок.

Наградените учесници на ликовниот конкурс (**прво, второ и трето место**) од секоја категорија одделно ќе бидат објавени на веб-страницата на Бирото за развој на образованието на **14 март 2025 година**.

За прашања поврзани со конкурсот контактирајте го лицето м-р Валентина Гоцевска на имејл адресата valentinagocevska@bro.gov.mk .

Ве очекуваме!

**Биро за развој на образованието**